ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СДСМ
ЦИК-СДСМ

| Примено: | 31.05.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Час: |
| 0209 | 3 | | |

Врз основа на член 68 став 1 и членовите 68а до 68з од Статутот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, член 2, 19 и 20 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ, со архивски број: 03-156/1 усвоен на шеснаесетата седница на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија одржана на ден 30.05.2024, се објавува:

**ОТВОРЕН ПОВИК**

**За самокандидирање на кандидат за Претседател на СДСМ**

Социјалдемокатскиот сојуз на Македонија како модерна, отворена и демократска партија, согласно статутот, Претседателот го избира на непосредни, внатрепартиски избори распишани на ден 30.05.2024 година со Одлука на Извршниот одбор на СДСМ од 27.05.2024 година со архивски број 03-149/1 од 27.05.2024 година а кои ќе се одржат на ден 30.06.2024 година.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани да се самокандидираат за Претседател на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија.

Кандидат за Претседател на СДСМ може да биде лице кое е најмалку 5 (пет) години член на СДСМ и најмалку еднаш бил избран од Конгресот на СДСМ за член на некои од органите на Партијата (претседател, заменик претседател, генерален секретар, член на централен одбор и член на надзорен одбор).

Со доставената самокандидатура за Претседател, кандидатот во хартиена форма задолжително доставува:

- Пополнет "Образец 1" - Пријава за самокандидирање;
- Лична биографија;
- Партиска биографија;
- Програма за работа за 4-годишен период.

Заинтересираните кандидати своите кандидатури, со целосна прилог документација во хартиена форма, во затворен плик со назнака „Самокандидатура за Претседател на СДСМ" лично да ги достават најдоцна до **06.06.2024** година, до Централната изборна комисија, во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8, Скопје, од 08:00ч до 16:00 часот.

***Дополнителни информации и потребните обрасци се објавени на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.***

ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СДСМ